*Тони МИЛЕСКИ*

**УДК: 620.9:911.3(47)„20"**

# ЕНЕРГЕТСКА СТРАТЕГИЈА НА РУСИЈА ЗА 21 ВЕК

***Кратка содржина***

*Трудот го обработува постсоветскиот геополитички простор и позициите на Русија во поглед на дистрибуцијата на основните енергенси на различни пазари во постсоветските републики, Југоисточна Европа и Кина. Можностите кои се нудат, ја позиционираат Русија како главен играч на пазарот на природен гас и нафта. Сосема е евидентно дека на почетокот на 21 век Русија води една прагматична политика кон светот во која доминира економската дипломатија. Во последните неколку години очигледно е економското закрепнување на Русија и зголемувањето на животниот стандард. Ваквите успеси најмногу се должат на енергетскиот сектор. Високите цени на природните горива, кои Русија ги извезува во огромни количини, овозможуваат брзо пополнување на државната каса. Овие показатели укажуваат дека Русија полека, но сигурно се враќа на геополитичката сцена и повторно станува рамноправен партнер на САД.*

*Во регионот на постсоветските републики Русија ја користи енергијата како политичко средство. Во Југоисточна Европа, Русија настојува да стане доминантен дистрибутер на енергенси, додека во Кина и на далечниот исток отвора нови енергетски пазари кои ќе и гарантираат сигурен пласман со оглед на нивната голема апсорбциона моќ.*

***Клучни зборови:*** *ГЕОПОЛИТИКА, РУСИЈА, ЕНЕРГИЈА, ЕНЕРГЕТСКА БЕЗБЕДНОСТ, ЕНЕРГЕТСКА ДИПЛОМАТИЈА*

## *1. Русија во постсоветскиот геополитички простор*

Почетокот на деведесеттите години од минатиот век за Русија претставуваше пресвртница во нејзината илјадагодишна историја. Одлуката на Горбачов да се одвои од СССР претставуваше парадокс кој го следеа комунистичките лидери во Украина и Белорусија, додека останатите репуб-

лики од некогашниот СССР (со исклучок на балтичките земји и Грузија) не сакаа одвојување од Советскиот Сојуз. Крајот на Советскиот Сојуз е означен на 8 декември 1991 година кога лидерите на Белорусија, Руската федерација и Украина во Минск го потпишуваат договорот за создавање на Заедница на независни држави.[1] Заедницата на независни држави е наследникот на СССР, но со недоволно дефинирани цели. Сепак основната цел за формирање на ЗНД била да се намалат последиците од распадот на претходната држава и да се унапредат меѓусебните односи на поранешните советски републики. Најголемиот дел од надворешните аналитичари оценуваат дека формирањето на ЗНД, всушност претставува обид на Русија да воспостави повторна контрола над бившите републики. Од нејзиното основање, земјите членки на Заедницата, потпишале голем број договори за заедничка соработка во областа на економијата, одбраната и надворешната политика. Доброволниот распад на СССР преставуваше само првата етапа од геополитичкото прекројување на тој дел од светот, односно секоја поранешна советска република сега претставува независен актер на политичката карта.

Руската федерација поради своето значење, својата централна положба и својот јазик претставува централен дел на постсоветската геополитика. Во речиси сите поранешни советски републики во моментот на распадот живееле бројни руски заедници. По 1991 година во Русија се вратиле неколку милиони Руси. Денеска се претпоставува дека околу 20 милиони Руси живеат во поранешните советски републики. Најбројното руско малцинство се наоѓа во Украина, 7,3 милиони или 17% од населението. Во Казакстан има 5 милиони Руси, што претставува 30% од вкупното население. Узбекистан има 1,5 милиони Руси или 5,7% од вкупното население. Во Белорусија живеат 1,1 милион Руси или 11%, во Молдавија 750.000 (13%), во Летонија 700.000 (33%), Киргистан 600.000 (12,5%) и во Азербејџан 141.000 (1,8%).[2]

Федералната структура на Русија е доста сложена и опфаќа 83 федерални субјекти со различни нивоа на автономија. Најголема автономија имаат 21 автономна република (на пример: Чеченија, Татарстан или најголемата Јакутија). Покрај нив, постојат и 4 автономни окрузи и 1 автономна област. Најголемиот дел од овие автономни единици се формирани во вре-

---

[1] SOVIET DISARRAY; Text of Gorbachev's Statement on a New Commonwealth, *The New York Times*, published: December 10, 1991.
http://www.nytimes.com/1991/12/10/world/soviet-disarray-text-of-gorbachev-s-statement-on-a-new-commonwealth.html (посетен на 25.04.2011 год.).

[2] Avijucki, V. (2009) *Kontinentalne geopolitike.* Beograd: CLIO. str. 161.

мето на комунизмот во склад со тогашната политика за националностите која на секоја поголема националност и овозможувала право на домицилна територија. Преостанатиот дел од државната територија е поделен на управни единици кои имаат помала формална автономија. Тоа се 46 области, 9 краеви и 2 федерални градови, Москва и Санкт Петербург.[3]

Веднаш по распадот на Советскиот Сојуз, Русија ја детерминира политиката кон поранешните советски републики како „блиско соседство“. Тоа значи дека поранешните советски републики се означени како зона на витални интереси за Москва. Основната интенција била да се одбранат интересите на русите кои останале да живеат во тие републики, но и да се продолжи со контролата на постсоветскиот геополитички простор. Во периодот по распадот на Советскиот Сојуз до денес, Москва силно се инволвира во редица конфликти во поранешните советски републики. Така на пример, во Молдавија, Русија ја поддржува Придњестровската република - „самопрогласена“ република со руско мнозинско население. Во Украина, Крим претставува област населена со руско население. Главниот проблем во односите меѓу Русија и Украина сепак претставуваше „портокаловата револуција“ од 2004 година кога на власт доаѓа прозападниот кандидат Јушченко. Сепак на изборите во 2010 година е ставен крај на т.н. „портокалова револуција“ и на власт доаѓа прорускиот кандидат Виктор Јанукович. Украина со своите 46 милиони население е централното место во борбата за влијание во рамките на постсоветскиот геополитички простор. Земјата е поделена на украинци од западните области кои сакаат зближување со Европа и руското население од источните и јужните предели кои имаат симпатии кон Москва.

Односите на Москва со Грузија се исто така доста сложени. Во 2003 година по „револуцијата на розите“ на власт во Тбилиси доаѓа Саакашвили. Првата криза со Москва се појавила заради малата автономна грузијска република Аџарија, каде проруската власт направила обид за дистанцирање од Тбилиси. После тоа доаѓа до криза (2004) во која Грузија ја потврдува својата превласт и го принудува Аџарискиот лидер Аслан Абасхидзе на егзил. Уште два случаја, односите во Абхазија и Јужна Осетија ги отсликуваат лошите оноси меѓу Москва и Тбилиси. Состојбите кулминираат во 2008 година со вооружените конфликти во Јужна Осетија каде Русија испраќа сопствени воени сили заради заштита на цивилното население во кое доминираат русите. На страната на Јужна Осетија застануваат и Абхазиските авторитети поради што влегуваат во конфликт со грузиските

---

[3] The World Factbook. https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/rs.html (посетен на 25.04.2011 год.).

сили. Двонеделниот конфликт во август 2008 година завршува со распоредување на руски сили во овие автономни републики како гарант на мирот во тој регион. Судирот во Нагорно-Карабах ги затоплува односите на Русија со Ерменија, но истовремено ги влошува односите на Русија со Азербејџан. Односите со Казакстан се исто така комплексни. Со оглед на фактот што руското население го изгубило повластениот статус во Казакстан од времето на советската епоха, почнуваат масовно да се иселуваат од таа земја. Проблемите произлегуваат од причина што казакстанските власти не сакаат да го признаат двонационалниот, односно турско-словенски карактер на земјата. Во Таџикистан руската војска одиграла решавачка улога во опстојувањето на режимот на Емомалиј Рахманов во периодот на граѓанската војна од 1992 до 1996 година. Рускиот контингент (се претпоставува дека брои од 22.000 до 25.000 војници) сè уште е стациониран во оваа земја и е задолжен за контрола на границата со Авганистан. Во Киргистан „револуцијата на лалињата" го симнува од власт режимот на Аскар Акајев кој бил проруски ориентиран. Москва одржува добри односи со Роза Отунбаева сегашниот претседател на Киргистан.[4]

Периодот на владеењето на Борис Јелцин со Русија се карактеризира со постепено опаѓање на руската воена моќ, тешка економска криза во која бруто општествениот производ паѓа на 40% меѓу 1990-1994 година, галопирачка инфлација и застарена производна технологија. Како резултат на таквите состојби Русија запаѓа и во политичка криза. Јелцин во периодот на своите два мандати од 1991 до 1999 година не успева да ја стабилизира состојбата. Во периодот од 1991 до 1993 година авторитетот на Јелцин сериозно е загрозен од претседателот на рускиот парламент Руслан Хазбулатов и неговиот потпретседател Александар Руцкој. Хазбулатов отворено застанува против радикалната пазарна реформа во Русија.[5] По националност Чеченец, Хазбулатов бил угледен професор по меѓународна економија на Академијата Плеханов, водечка московска бизнис школа. Од есента 1991 година, Јелцин добива силна поддршка дури и од комунистите во рускиот парламент. Ваквата поддршка Јелцин ја обезбедува со привлекувањето на реформскиот комунистички генерал Александар Руцкој со неговото номинирање за потпредседател. Одлагањето на политичката реформа во Русија, се препишува како една од поголемите грешки на Јелцин во неговата кариера. Таквата состојба ги промовирала Хазбулатов и Руцкој

---

4 Avijucki, V. (2009) *Kontinentalne geopolitike.* Beograd: CLIO. str. 163.

5 Aslund, A. (2010) *Ruska kapitalistička revolucija: zašto su tržišne reforme uspjele, a demokracija propala.* Zagreb: Biblioteka Poslovnog dnevnika. Str. 98.

лидери на опозицијата. Нивното противење кон Јелцин трае сè до нападот на парламентот во октомври 1993 година.[6]

На почетокот од 1995 година, Русија минува низ тивка но јасна промена. На економски план, директорите на државните претпријатија биле присилени да отстапат пред налетот на младата бизнис елита - олигархија.[7] На претседателските избори во 1996 година, Јелцин е повторно избран благодарение на финансиската поддршка од група олигарси кои се збогатиле во првите години од распадот на Советскиот сојуз. Во тој период на површина излегуваат седум олигарси кои одржуваат блиски односи со Јелцин и ја поседуваат половина Русија. Меѓу нив, Борис Березовски еден период бил генерален секретар на Заедницата на независни држави. Преостанатите олигарси биле Михаил Ходорковски кој управувал со банката Манатеп, Александар Смоленски со банката Столичниј, Михаил Фридман и Петер Авен со Алфа банката, Владимир Потатин со Онексим банката и Владимир Гусински со банката Мост и со глема медиумска империја, вклучувајќи го и независниот телевизиски канал НТВ.[8] Интересно е што сите овие олигарси биле со еврејско потекло, освен Потатин. Крајот на вториот мандат на Јелцин се карактеризира со т.н. „војна на банкарите", односно судир меѓу младите реформатори и руските олигарси кои на крај успеваат во целост да ја приватизираат руската политика.

Во декември 1999 година Борис Јелцин поднесува оставка и власта ја предава на својот премиер Владимир Путин. Во март 2000 година, Путин станува претседател на Русија. Политички гледано, Путин дава предност на централизацијата и авторитарниот начин на одлучување. Влегува во конфронтација со олигарсите кои станале премногу моќни во времето на Јелцин. Имено, Березовски ја напушта Русија и пребегнува во Велика Британија. Државата го презема неговиот удел во националниот телевизиски канал ОРТ. Потоа на Владимир Гусински му се одзема неговиот телевизиски канал НТВ, додека Михаил Ходорковски е изведен пред суд и осуден на повеќегодишна затворска казна. Путин застанува решително на патот на силните олигарси кои не му покажуваат благонаклоност, а во исто време се опкружува со олигарси кои нему му се наклонети. На тој начин Путин ја ограничува слободата, новинарите се соочуваат со автоцензура, додека независните медиуми полека се маргинализираат. Герман Греф станува главниот реформатор на Путин. Целта на Греф била да се постигне економски растеж од 8% годишно со помош на даночни и банкар-

---

[6] Ibid., 102.
[7] Ibid., 157.
[8] Ibid., 158.

ски реформи, дерегулација, приватизација, социјални реформи, пристапување кон Светската трговска организација, реформи на судството и реформи на државата.[9] Во конфликтот со чеченците, Путин се одлучува на примена на сила и ја отфрла секоја можност за преговори со привзрзаниците за независност на Чеченија. Во поглед на односите со САД, особено по 11 септември 2001 година, јасно е потенцирана желбата за помош на САД во борбата против меѓународниот тероризам. Во односите со Европа, Путин го развива „енергетското партнерство". На тој начин Русија станува прв снабдувач на ЕУ со природен гас. Потпишани се неколку билатерални договори со Велика Британија, Германија, Франција и Италија. Во периодот од 2002-2004 година се создава оската Берлин-Париз-Москва која се спротивставува на војната во Ирак.[10]

Односите со Кина се доста сложени. Најголемата грижа на Москва претставува демографскиот притисок на Кина кон Сибир и рускиот далечен исток, кои се слабо населени, но богати со суровини. Од друга страна, соработува со Кина на полето на стабилизирање на Централна Азија каде најпроблематично е авганистанското конфликтно жариште и спротивставувањето на американската хегемонија во тој регион. Во поглед на Индија, и покрај тоа што во нејзината надворешна политика воочлива е целосна свртеност кон САД, рускиот воено-индустриски комплекс има значителен пласман на индискиот пазар. Се проценува дека во тој поглед Индија е втора, веднаш зад Кина. Истовремено, Путин покажува отвореност кон муслиманскиот свет, развивајќи билатерални односи, особено со Иран кој има посебно место. Русија ја гради нуклеарната централа во Иран, која денес претставува корен на кризата околу нуклеарниот програм кој Техеран настојува да го реализира. Москва создава трговски односи со Турција, која ја снабдува со природен гас, со Малезија на која ѝ продава авиони-ловци и со Саудијска Арабија, со која планира да соработува во енергетскиот сектор. На тој начин Путин на почетокот на 21 век, втемелува една прагматична политика на Русија кон светот во која очигледно е дека доминира економската дипломатија. Во последните неколку години евидентно е економското закрепнување на Русија и зголемувањето на животниот стандард. Ваквите успеси, особено по финансискиот крах од 1998 година, најмногу се должат на енергетскиот сектор. Високите цени на природните горива, кои Русија ги извезува во огромни количини, овозможуваат брзо пополнување на државната каса. На тој начин Русија успева да го намали

---

[9] Ibid., 214.

[10] Avijucki, V. (2009) *Kontinentalne geopolitike.* Beograd: CLIO. str. 168.

надворешниот долг и да ги зголеми пензиите и платите на службениците.[11] Ваквите показатели укажуваат дека Русија полека но сигурно се враќа на геополитичката сцена и повторно претставува рамноправен партнер на САД.

## *2. Енергетска стратегија на Русија за период до 2020 и 2030 година*

Појдовните позиции на современата Руска енергетска политика се дефинирани во документот: „Енергетска стратегија на Русија за периодот до 2020 година“.[12] Документот е усвоен во 2003 година. Стартната претпоставка од која се поаѓа во документот е фактот што Русија има значителни енергетски ресурси, нејзината територија поседува 1/3 од светските резерви на природен гас, 1/10 од светските резерви на нафта, 1/5 од резервите на јаглен и 14% од резервите на уранијум. Стратешкиот документ ги маркира Европа и Азија како примарен пазар за Руската надворешна енергетска политика која наведува дека заедничката енергетска политика и транспорт како и енергетската инфраструктура во регионите на Европа и Азија можат да се вбројат во стратешките Руски интереси, воедно обезбедувајќи неселективен транспорт на енергијата. Во документот се подвлекува дека државата ќе го поттикнува учеството на руските компании во развојот и конструирањето на големи меѓународни транспортни проекти за природен гас, нафта и енергија и на запад и на исток. Исто така, се наведува дека за Русија која има специфична географска и геополитичка положба, проблемите на транзит имаат посебно значење. Пазарите на Централна и Западна Европа и понатаму остануваат едни од најголемите пазари за наредните 20 години.

Во ноември 2009 година донесена е нова „Енергетска стратегија на Русија до 2030 година“.[13] Со неа се унапредуваат целите од претходната стратегија и се инкорпорираат новите трендови во развојот на енергетскиот сектор во Русија. Значителни промени, меѓу другото, се воочени во цената на чинење на нафтата на светскиот пазар, поради што прогнозите во

[11] Ibid, 169.
[12] The Summary of The Energy Strategy of Russia For The Period Of Up To 2020. http://ec.europa.eu/energy/russia/events/doc/2003_strategy_2020_en.pdf (посетен на 15.08.2010 год.)
[13] *„Energy Strategy of Russia for the Period up to 2030“.* Approved by Decree N° 1715-r of the Government of the Russian Federation dated 13 November 2009. Moscow: Ministry of Energy of theRussian Federation.

претходната стратегија стануваат неостварливи. Имено, кога цената на нафтата од 27 долари/барел во 2000 година пораснала до 94 долари/барел во 2008 година, стратегиските прогнози за четири пати отстапувале од прогнозите во Енергетската стратегија на Русија за периодот до 2020 година. Вистинскиот извоз на енергенските ресурси пораснал за 1,6 пати, што претставува отстапување од 9,6% од извозните прогнози во споменатата стратегија за период до 2020 година.[14] Исто така, се напоменува дека Русија мора да ја подобри својата енергетска ефикасност и да се намали енергетската интензивност на сопствената економија на ниво на земјите со слични климатски услови, како што се Канада и Скандинавските земји.[15]

Она што заслужува посебно внимание во „Енергетската стратегија на Русија за периодот до 2030 година“ е што уделот на европскиот енергетски пазар во вкупниот волумен на рускиот енергетски извоз постојано ќе се намалува. Ова е резултат на планираните акции за извозна диверсификација на енергетските пазари кон далечниот исток (Кина, Јапонија, Република Кореја и другите земји во азиско-пацифичкиот регион). Исто така, до крајот на третата фаза од имплементација на Стратегијата, процентот на извоз на источните енергетски пазари во рускиот енергетски извоз на течни јаглеhistories јагленоводороди (нафта и нафтени производи) треба да се зголеми од сегашните 6% на 22-25%, додека извозот на природен гас треба да расте од 0% до 19-20%.[16] Вака позиционираните цели укажуваат дека Русија настојува да ја прошири својата енергетска дипломатија и на Исток со што ќе се здобие со уште поцврсти позиции во европскиот регион кој сè уште нема соодветна алтернатива на руските енергетски ресурси.

### *2.1. Балтички држави, Белорусија, Украина и Грузија*

Русија на Балтичкиот пазар на енергенси настапува како монополистичка сила, која нема соодветна конкуренција. Во Литванија рускиот холдинг Јукос ја поседува рафинеријата Мажеики нафта (МН), т.е. има удел од 53,7% во компанијата. Мажеики нафта се смета за компанија од стратегиско значење која има 10% удел во националниот бруто општествен производ на Литванија. Од друга страна Газпром поседува 16% од литванската компанија за природен гас - Литувос дујос. Огромен дел од

[14] Ibid., 13
[15] Ibid., 14
[16] Ibid., 23.

рускиот капитал е инвестиран во најразлични сектори во Литванија, како што се услуги, недвижнини и банкарскиот сектор.

Во ноември 2005 година, Русија започнува со изградба на 1.200 км. долг гасовод кој е планиран да поминува по дното на Балтичкото Море и да завршува во градот Греифсвалд на северот од Германија. Завршувањето на проектот познат како „Северен поток" е планиран за 2013 година и се предвидува да транспортира 55 милијарди метри кубни гас годишно од Русија директно за Западна Европа. Тоа значи дека Русија се обидува да ги заобиколи Балтичките држави и Полска, скратувајќи им ги можностите за економски благодети во ситуација кога гасоводот би минувал преку нивната територија. Проектот наидува на силни критики од страна на литванските политичари кои сметаат дека „Северниот поток" сè повеќе ќе ја турка Литванија да се чувствува должник на Русија и дека ќе се соочи со своевидна изолација од Европа.

Едно од објаснувањата зошто Русија ги заобиколува Балтичките држави е дека во блиска иднина Русија нема да може да ги снабдува сите пазари на кои моментално има доминантна улога, и дека на овој начин настојува да ги обезбеди поголемите пазари како во случајот „Северниот поток". Промовирањето на аргументите дека „Северниот поток" претставува проект за снабдување на Европската Унија, всушност дава легитимитет на прикриената цел дека потребата за овој проект е германската индустрија со оглед на нејзината големина.[17] Во 2004 година Литванија заедно со Полска и Данска го предлага проектот „Амбер" копнен гасовод кој ќе чини 30% поефтино од „Северниот поток" и кој ќе минува преку трите Балтички држави и Полска.

Летонија и Естонија, исто така, имаат незавидна положба во однос на снабдувањето со природен гас и останатите енергенси. Имено, основните причини за енергетската небезбедност на Балтичките држави се должат на неколку факти. Како прво, во секторот на снабдување со природен гас, Газпром има „вертикален монопол" на пазарот на Балтичките држави. Како последица на таквата состојба, снабдувањето со природен гас може да биде ограничено, запрено или цената на гасот може да се зголеми во било кое време без соодветни спогодби. Тоа значи дека Русија може да ги користи ваквите состојби за влијание на внатрешната политика во Балтичките држави како и носењето на одредени економски одлуки, односно Москва може да ги користи овие инструменти за да создаде директен политички или економски притисок или како средство за казнување на непослуш-

---

[17] Whist, B. S. (2008) *Nord Stream: Not Just a Pipeline*. FNI Report 15/2008 Lysaker: Fridtjof Nansen Institute

ните држави. Во секторот на електричната енергија Балтичките држави се интегрирани во руската енергетска мрежа, што значи дека во случај на краткотрајни дефицитарни периоди можат да се потрпат само на една опција - руските електрични услуги. Во нафтениот сектор, исто така, се зависни од Русија, со оглед на фактот што овие држави поседуваат лимитирани локални нафтени ресурси.

Теоретски, енергетските ресурси како што се природниот гас и електричната енергија можат да бидат доставени до Балтичките држави од други места како на пример Скандинавските земји. Сепак, користењето на овие ресурси, кои би можеле да ги класифицираме како политичко „безбедни" ресурси практично е невозможно поради сериозните инфраструктурни ограничувања. Со други зборови, не постои гасовод кој ќе ги спои Балтичките држави со Западна и Средна Европа.

Од друга страна, единствената надеж дека нема да останат надвор од Рускиот снабдувачки комплекс сè додека не се изборат за диверсификација на снабдувањето со енергетските ресурси, Балтичкити држави ја имаат во своите раце „Калињинградската карта" - руска ексклава. Оваа руска ексклава може да го изгуби своето значење во случај на изградба на гранка од „Северниот поток" до Калињинград.[18]

Руското присуство на економски план во Белорусија и Украина е доста изразено. Русија и денеска тешко го прифаќа фактот за постоење на вистински белоруски и украински идентитет. Се претпоставува дека околу 60% од украинските претпријатија се приватизирани со руски капитал. Од шестте главни рафинерии во Украина, четири се под целосна контрола на руските гиганти ТНК-БП и Лукоил.[19] Украина купува 80% природен гас, две третини од нафтата и 100% од нуклеарното гориво од Русија. Таа зависност ја предизвика кризата на односите меѓу двете држави во јануари 2006 година, кога Москва без никаква најава ги зголемува цените на природниот гас со кој се снабдува Украина. Со тоа била загрозена целокупната Украинска индустрија, но и државите од Западна Европа кои се зависни од рускиот гас. Украина не беше во состојба да ја плати цената на природниот гас од 230 долари за 1.000 метри кубни гас која ја побарувал Газпром. После долги преговори постигнат е прелиминарен договор со кој се утврдила цена од 96 долари, благодарение на мешањето на поевтиниот туркменистански гас со рускиот. Москва била обвинета за осветнички потези

---

[18] Molis, A. (2011) *Rethinking EU-Russia energy relations: What do the Baltic States want?* SPES Policy Papers. Institut für Europäische Politik. p.p. 8-11.

[19] Blyakha, B. (2009) *Russian foreign direct investment in Ukraine.* Electronic Publications of Pan-European Institute No. 7. p.p. 11-18.

како резултат на „портокаловата револуција" со која на власт во Украина доаѓаат политичари кои не биле наклонети кон Русија. После ваквите состојби на површина излегува проектот за „Северниот поток" кој ќе овозможи заобиколување на Украина како транзитна земја. Во Белорусија таа зависност од рускиот капитал е уште повеќе изразена со оглед на фактот што целата белоруска индустрија работи за рускиот пазар.[20] Рускиот премиер Владимир Путин на почетокот на 2011 година изјавува дека Белорусија за тековната 2011 година ќе добие природен гас во вредност од 4 милијарди долари[21] и тоа е уште една потврда за руското користење на енергијата како политичко средство во регионот на постсоветскиот геополитички простор.

Грузија претставува држава од исклучително значење како транзитна држава низ која протекуваат енергенси кон Турција. Конкретно, цевководот Баку-Тбилиси-Чејхан е од исклучително геополитичко значење. Цевководот кој започнува во Азербејџан и минува низ територијата на Грузија пренесува енергенси до пристаништата на Црното Море и Средоземното Море од каде танкерите понатаму ги дистрибуираат претежно во Западна Европа. Дури и пред неговото конечно завршување, цевководот БЧТ имал исклучително влијание врз политиката на нафтата во светот. Јужниот Кавказ, претходно апсолвиран како двор на Русија, денеска претставува регион од исклучително големо стратегиско значење. САД и другите западни земји во изминатиот период се инволвирани во политиката на трите држави низ кои минува цевководот. Ваквиот дискурс првенствено е насочен кон неутрализирање на руската и иранската економска и воена доминација во регионот.

Од друга страна, за Русија контролата над Грузија и на цевководот е од исклучително значење во поглед на зголемувањето на енергетската зависнот на Европа од Русија. Во таа насока Русија се наметнува во Јужниот Кавказ на различни начини спроведувајќи ја сопствената енергетска дипломатија. Во Грузија, Москва одлучува да го прости енергетскиот долг на својот поранешен „вазал", а за возврат рускиот енергетски гигант РАО ЕЕС да ја преземе мнозинската контрола над главната грузијска електроенергетска компанија. По истиот модел Русија ја презема контролата над хидроелектраната Раздан во Ерменија. Нафтената компанија Лукоил е

---

[20] Avijucki, V. (2009) *Kontinentalne geopolitike.* Beograd: CLIO. str. 171-173.

[21] *Russian Energy as Political Leverage.* Baltic Review, may 10.2011 *http://baltic-review.com/2011/01/25 /russian-energy-as-political-leverage/* (посетен на 10.05.2011 год.).

присутна во Азербејџан а големо влијание на рускиот капитал е присутно и во Казакстан, особено во енергетскиот и рударскиот сектор.[22]

### *2.2. Југоисточна Европа*

Политичкото влијание на Русија во регионот на Југоисточна Европа произлегува од привилегираната положба како постојана членка на Советот за безбедност на ООН. Благодарение на правото за вето, Москва може да ги блокира сите процеси со кои управуваат САД на подрачјето на Западниот Балкан, доколку истите се спротивставуваат на политичките цели на Русија. Вториот столб претставува историската, културната и политичката поврзаност на Русија со народите и државите од ЈИЕ кои имаат православни корени. Во поновата историја, особено во периодот по распадот на биполарниот поредок, Русија јасно дава до знаење дека мора да учествува и да има активна надворешна политика во регионот на Балканот. Ваквите ставови јасно се издиференцирале уште во 1992 година кога рускиот претседател Јелцин и министерот за надворешни работи Андреј Козирев потенцираат дека Русија мора да биде инволвирана во Балканските односи вклучувајќи ги и дипломатските ангажмани во време на Југословенскиот конфликт. Уште повеќе, Русија на Балканот има две постојани сојузнички, Србија и Црна Гора.[23] Москва очекува таквиот однос да продолжи и со оние држави кои од ЈИЕ кои веќе се членки на НАТО и ЕУ или донеле одлуки за пристапување на тие интеграции. Третиот столб има значајно влијание во регионот на Западен Балкан со растечкото економско влијание на Русија која во моментот претставуа водечки снабдувач со енергија и сè повеќе се јавува како инвеститор и економски партнер.

Поради ширењето на американското влијание, Русија чувствува опасност да биде постепено потисната од подрачјето на ЈИЕ. По завршувањето на Студената војна и во периодот на пост-југословенскиот конфликт, САД значително го прошируваат своето политичко влијание во Западен Балкан и преку билатералните политичко-безбедносни врски и НАТО го имаат целосниот примат во регионот. Според руските стратези, зацврстувањето на американската моќ и ширењето на НАТО во ЈИЕ претставува дел од планот на Вашингтон за „опколување“ на Русија. Состојбата во ЈИЕ, се

---

[22] Avijucki, V. (2009) *Kontinentalne geopolitike.* Beograd: CLIO. str. 171-172.

[23] Headley, J. (2009) *Russia and the Balkans: Foreign Policy from Yeltsin to Putin*, London, p.p. 9-29 http://cup.columbia.edu/bookpreview/978-0-231-70092-4/ (посетен на 01.05.2011 год.)

доведува во корелација со руско-американските односи на Кавказот и Централна Азија. Подрачјето на ЈИЕ за Русија е погоден терен за стекнување на влијателна позиција. Ваквите замисли се можни поради наведените три фактори на влијание.

Во последниот период, државите од регионот на ЈИЕ, добиваат нова карактеристика како поле на кое се протегаат транзитните коридори на природен гас поддржани и финансирани од енергетските гиганти како што се Русија, САД и ЕУ. За ЕУ регионот на ЈИЕ е од особено значење во услови на сè поголема зависност од Рускиот природен гас. Оттука, нејзината енергетска политика кон ЈИЕ сè повеќе е насочена кон обезбедување на енергетското снабдување и наоѓање на алтернативни патишта за енергетските извори од Каспискиот регион и регионот на Средниот исток. Русија и енергетскиот гигант Газпром склучуваат индивидуални договори со земјите од ЈИЕ со што настојуваат да ја зајакнат сопствената позиција во регионот кој веќе во голема мерка е зависен од руските енергетски извори.

Руската енергетска политика на Балканот може да се разгледува како дел од натпреварот за пристап, контрола и влијание врз нафтениот бизнис и бизнисот со природен гас, особено во Каспискиот Басен и Централна Азија. Балканот претставува финална етапа на дистрибуција на нафтата и гасот од претходно наведените региони, манифестирана во случајот на природниот гас, преку гасоводите до Европскиот пазар и во случајот на нафтата до морските пристаништа за понатамошна дистрибуција на светскиот пазар. Балканот сè повеќе влегува во современата „Нова голема игра“, слична на онаа од деветнаесеттиот век меѓу империјална Британија и империјална Русија за контрола над регионот на Централна Азија. Историски гледано, распадот на Советскиот Сојуз создаде можност странски компании да навлезат во Каспискиот регион и Централна Азија кои се исклучително богати со нафта и природен гас. САД ваквото отворање на поранешниот Советски простор го формулира како „стратегија на источно-западен коридор“, која ќе овозможи отворање на регионот за експлоатација и транзит на енергија, преку Црното Море, Кавказот и Каспиското Море. Исто така, ЕУ дава силна поддршка на ваквиот концепт и се обидува да „пристигне“ на сцената на енергијата во споменатите региони, независно, промовирајќи го концептот на „новиот пат на свилата“.[24]

Генерално гледано, Руската енергетска стратегија се засновува на принципите на одржување контрола над Централно Азиските ресурси, како и производство и транзит на енергијата, што е можно подолго, како и

---

[24] Prague EU Summit declaration, May 2009, available at: www.eu2009.cz (посетен на 15.08.2010 год.)

стекнување удел во инфраструктурата и енергетските компании во Европа. Базирајќи се на ваквите погледи што датираат уште од советската ера, Русија во 1996 година прави конкретни чекори за редефинирање на партнерството со државите од Балканот, првенствено со Србија. Истата година е потпишан документ за формирање на руско-српска компанија, Југоросгас.[25] Во 2006 година Србија го понудила своето учество во проектот „Плав поток 2", претходник на сегашниот „Јужен поток".

Гасоводот „Јужен поток" ја манифестира современата етапа од Руската енергетска политика и инволвирање во Балканскиот регион. Промовиран како руско-италијански проект на Гаспром и ЕНИ, веднаш по енергетскиот самит во Загреб од 2007 година. Поранешниот претседател на Русија ја презентирал руската енергетска политика на Балканот на следниот начин: ...Наша стратегиска цел е обезбедување пристап до сигурни енергетски извори за сите земји во регионот. Нашата политика го зема предвид фактот што балканските држави го зголемуваат инволвирањето во европските интеграциски процеси и ние сме подготвени за развивање на нашите односи со Европската Унија...[26]

Според најавите на Газпром и ЕНИ, до 2013 година треба да профункционира систем за транспорт на природен гас кој преку два крака во Југоисточна Европа ќе дистрибуира гас на северот и југот од Италија. Со оглед на фактот што и самото планирање на „Јужниот поток" задоцнило, раководството на Газпром најавило дека 2015 година е годината кога реално може да се очекува завршување на целиот проект. „Јужниот поток" првобитно требало да пренесува 30 милијарди кубни метри природен гас од Русија и Централна Азија во ЈИЕ. Во почетокот на 2009 година, предвидениот проток е зголемен на 47 милијарди кубни метри. Според планот, цевководот започнува во јужната руска област Краснодар и завршува во Бургас, поминувајќи 900 километри по дното на Црното Море на длабочина од 2.000 метри. Северниот крак би требало да се гради од Бугарија, Србија, Унгарија и Словенија или Австрија до северна Италија и да ја снаб-

---

[25] Југоросгас а.д. Претпријатие за изградба на гасоводни системи, транспорт и промет на природниот гас. Формирано врз основа на Договорот за соработка во областа на изградба на гасоводи на територијата на некогашна СРЈ, потпишан на 11.04.1996 година меѓу Владите на Руската федерација и СРЈ http://www.yugorosgaz.rs/ (посетен на 18.08.2010 год.)

[26] Интегралниот говор на поранешниот претседател на Руската федерација, Владимир Путин може да се прочита на: http://archive.kremlin.ru/eng/text/speeches/2007/06/24/1214_type82912type82914_135740.shtml (посетен на 18.08.2010 год.)

дува со гас западна и централна Европа. Во септември 2009 година, француските компании изразиле желба да изградат продолжеток на гасоводот од северна Италија до југот на Франција. Јужниот крак би требало да води од Бугарија и Грција, преку Јонското Море до јужната италијанска област, Апулија.[27] Овој крак е добра можност за приклучување на Македонија и Албанија.

Најголемиот број држави од ЈИЕ, без оглед на тоа дали се членки на ЕУ или кандидати за членство, преземаат одредени политички мерки за стекнување корист од проектот „Јужен поток". Бугарија не ја крие својата наклоност кон Русија, и покрај нејзиното членство и во ЕУ и во НАТО. Во јануари 2008 година, при посетата на Путин на Бугарија, потпишан е руско-бугарски договор за проектот „Јужен поток". Исто така, Путин понудил кредит од 3.8 милијарди евра за нуклеарната централа Белане, а договорено е руската компанија „Атомстројекспорт" да ја изгради истата. Проектот „Јужен поток", нафтоводот Бургас-Александрополис и нуклеарната централа Белане се основните стратегиски приоритети на руско-бугарското партнерство. Иако, новата влада на Бугарија во 2009 година најавила преиспитување на сите договори за пренос и набавка на енергенси од Русија, малку е веројатно дека Бугарија може да излезе од стратегиското партнерство со Русија или да даде приоритет на проектот „Набуко" кој е поддржан од САД, а финансиран од ЕУ.

По самитот на НАТО одржан во Букурешт, 2008 година, Путин приредува прием за Грчкиот премиер Караманлис заради започнување на учеството на Атина во проектот „Јужен поток". Од 2003 година Путин пет пати се среќавал со Караманлис. Во декември 2007 година договорена е продажба на 420 руски оклопни транспортери од типот БМП-3М на Грција. Ако се знае дека Грција увезува 2/3 од сопствените потреби за гас од Русија и нејзината партиципација во нафтоводот Бургас - Александропулос, сосема е евидентно стратегиското партнерство на двете држави.[28]

Детерминирањето на еден крак од проектот „Јужен поток" низ територијата на Србија во 2008 година е јасен политички сигнал за намерите на Русија во регионот на ЈИЕ. Србија нема никаква друга алтернатива на руските енергетски испораки. Доколку се изгради „Јужен поток" Србија од увозник на природен гас, прераснува во важна алка во ланецот на транспорт на централноазиската и руска нафта и природен гас во ЕУ. На 9 септември 2008 година ратификуван е Енергетскиот договор со Русија. Во

---

[27] Smith A. M. *Russian Energy Interests in the Balkans*, Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, march 2008, p.2.
[28] Ibid, p.4.

обемниот договор кој има важност од 30 години и автоматски се продолжува по истекот на тој временски период, на Газпром му е овозможено да купи 51% од државната компанија „Нафтена индустрија на Србија" (НИС). Руската компанија за возврат дала правна необврзувачка изјава дека ќе го изгради „Јужниот поток" и дека ќе изгради подземно складиште во Србија. Во февруари 2009 година Газпром ги презема 51% од НИС, за што исплаќа 400 милиони евра и се обврзува дека до 2012 година ќе инвестира дополнителни 547 милиони евра за обновување на застарената инфраструктура на НИС.[29]

Премиерите на Русија и на Италија, Путин и Берлускони на 15 мај 2009 година конечно го потпишуваат Договорот за изградба на гасоводот „Јужен поток". Можните пречки за реализирање на проектот, според руските аналитичари се однесуваат на два круцијални моменти. *Првиот момент* се однесува на фактот што светската економска криза во голема мерка ја погодила и Русија. Поради намалувањето на цените на светскиот пазар, значително се намалени приходите од извозот на енергија, со што се загрозува можноста Газпром самостојно или преку кредити да финансира нови проекти. Поради промената на курсевите на светските валути, можно е да пораснат издатоците за изградба на „Јужен поток". *Вториот момент* се однесува на фактот што расположливата количина на природниот гас може да биде недоволна затоа што се смета на опаѓање на руското производство. Аналогно на ова, постои и страв од реализирање на проектот „Набуко" со што западниот конкурент би профункционирал пред „Јужен поток" и на тој начин би можел да го потисне рускиот конкурент.

Сосема е евидентно дека руската стратегија, преку градење економски врски, првенствено во областа на енергетиката, се обидува да обезбеди трајно политичко влијание во ЈИЕ. Политичкото приближување на земјите од регионот кон Москва, значи подобрување на сопствената енергетска безбедност. Москва настојува со оние држави од ЈИЕ со кои има успешна соработка да ги исполнува сопствените ветувања и настојува да ја подобри и унапреди таквата соработка.

### *2.3. Кина*

Руските интереси во Кина, се темелат врз нивните геополитички и економски цели, регионалниот развој во глобалната економија и трендовите во меѓународниот систем на снабдување со енергенси. Тоа значи дека

[29] Ibid, p.3.

Русија е заинтересирана за диверсификација на извозот на енергенси префрлајќи го од „прегреаниот“ европски пазар на повеќе перспективниот и динамичен азиско-пацифички пазар, првенствено Кина и Кореја. Русија настојува да овозможи директен пристап до традиционалните и новите пазари за суровата нафта, дериватите и природниот гас, настојувајќи да ги заобиколи транзитните држави. Целта е да се обезбедат долгорочни гаранции за купување сурова нафта, деривати и природен гас, да учествува во управувањето, транзитот, транспортот и дистрибуцијата на инфраструктурата за сурова нафта, дериватите и природниот гас во државите кои се крајни корисници и да учествува во приходите од продажбата на нафта, нафтени деривати и природен гас.

Западен Сибир во моментот претставува клучен регион на Русија во кој се произведува околу 70% од руската нафта и преку 90% од природниот гас. Се претпоставува, дека во блиска иднина, Источен Сибир и далечниот исток ќе го преземат приматот на нови центри за индустријата на нафта и природен гас. Ваквата проценка произлегува и од податокот дека кинеската економија претставува втора по големина во светот (после САД) со оглед на бруто општествениот производ и претставува една од најбрзо растечките светски економии. Исто така, Кина е втор најголем потрошувач на енергија. Брзиот демографски раст, подобрувањето на животниот стандард, модернизацијата на индустријата, земјоделието и сообраќајот бараат натамошен раст на потрошувачката на енергија.

Во последните неколку години, Русија извезува во Кина нешто повеќе од 20 милиони тони нафта и нафтени деривати главно преку железницата низ Манџурија, преку Казакстан и пристаништата на Далечниот исток. Во декември 2010 година започнува протокот на природен гас преку новиот гасовод Сковородино - Дачинг. Со имплементација на меѓувладиниот договор меѓу Русија и Кина (потпишан во април 2009 година) ѝ се овозможува на Русија да го зголеми својот удел во извозот на нафта за Кина за 15-16% во 2011 или за 35-40 милиони тони. Се претпоставува дека вкупниот извоз на нафта и нафтени деривати за Кина во период до 2020 година може да достигне вредности од 70 до 80 милиони тони.[30]

Од друга страна, Европа се соочува со губење на една алтернатива на снабдување со нафта и природен гас. Со африканските револуции,

---

[30] *Cooperation Between Russia and China in the Energy Sector Interests, Problems and Prospects.* Oil&gas Euroasia http://www.oilandgaseurasia.com/articles/p/134/article/1427/ (посетен на 11.05.2011 год.)

најмногу се погодени Италија и Франција. Континуираните кризи од 2006 година со снабдување на руска нафта и природен гас сега можат да прераснат во крајно загрижувачка состојба. Ваквите констатации произлегуваат од причина што Русија е во состојба целосно да ја исклучи Европа од снабдувачкиот процес и целосно да се насочи кон исток. Русија се стекна со таква стратегиска предност, што може да игра калкулантски обезбедувајќи си најдобри позиции. Новиот нафтовод на Русија и овозможува транспорт на 1/3 од нафтата за извоз. Јакнењето на руско-кинеското партнерство, меѓу кои нема отворени и нерешени прашања, дефинитивно го менува распоредот на силите во Азија. Ваквата состојба, согледувајќи ги и состојбите во Индија, Пакистан и неизвесната повеќегодишна војна во Авганистан поставува нови задачи пред Вашингтон, особено во овој период на криза. Америка има споредно влијание во тој регион. Силата на оружјето е заменета со економска сила, со поинаков начин на перцепција на состојбите, со иновации, со напорна работа за помалку пари.

Покрај нафтата, Русија на Кина ќе и испорачува и природен гас со што се овозможува целосна енергетска соработка. Сепак, цената која Русија може да ја постигне во Кина за природниот гас е далеку помала од онаа доколку гасот се испорачува во Европа. Така на пример, Газпром на кинескиот пазар нема да може да ја игра европската игра. Ако цената на гасот за европјаните изнесува 300 долари за илјада кубни метри, во Кина таа не би можела да помине преку 150 долари. Сепак економската исплатливост се огледа во големата апсорбциона моќ на кинескиот пазар. Сето она што ќе го изгубат на кинескиот пазар, ќе биде надокнадено на европскиот пазар кој и понатаму нема алтернатива на рускиот гас.

### *Заклучок*

Презентираната содржина недвосмислено упатува на заклучок дека Европа и Азија претставуваат примарен пазар за руската надворешна енергетска политика. Ваквата констатација укажува дека енергетската политика и транспорт како и енергетската инфраструктура во регионите на Европа и Азија се вбројуваат во врвните стратегиски интереси на Русија. Сепак позициите на Русија кон Балтичките држави, Белорусија, Украина, Грузија, државите од ЈИЕ и Кинескиот енергетски пазар имаат различна димензија.

Имено, со проектот „Северен поток“ Русија настојува да ги заобиколи Балтичките држави и Полска, скратувајќи им ги можностите за економски благодети во ситуација кога гасоводот би минувал преку нивната територија. Едно од објаснувањата зошто Русија ги заобиколува Бал-

тичките држави е дека на овој начин настојува да се обезбеди на поголемите пазари како што во случајот „Северен поток“ е Германија. Промовирањето на аргументите дека „Северниот поток“ претставува проект за снабдување на Европската Унија, всушност дава легитимитет на прикриената цел дека потребата за овој проект е германската индустрија со оглед на нејзината големина. Проектот „Северен поток“ излегува на површина во периодот на енергетскиот спор меѓу Русија и Украина. Една од намерите е да се заобиколи Украина како транзитна земја, особено во период на „портокаловата револуција“ и нејзината прозападна ориентација по 2004 година. Во Белорусија таа зависност од рускиот капитал е уште повеќе изразена со оглед на фактот што целата белоруска индустрија работи за рускиот пазар. Интересот на Русија за Грузија произлегува од нејзиното исклучително геополитичко значење и карактерот на транзитна држава преку која протекуваат енергенси кон Турција. Консеквентно на тоа, гасоводот Баку-Тбилиси-Чејхан е примарниот интерес на големите држави во тој регион.

Руската енергетска политика во регионот на Југоисточна Европа може да се разгледува како дел од натпреварот за пристап, контрола и влијание над нафтениот бизнис и бизнисот со природен гас, особено во Каспискиот Басен и Централна Азија. ЈИЕ претставува финална етапа на дистрибуција на нафта и гас од претходно наведените региони преку гасоводите до Европскиот пазар и во случајот на нафтата до морските пристаништа за понатамошна дистрибуција на светскиот пазар. Во тој контекст, гасоводот „Јужен поток“ ја манифестира современата етапа од Руската енергетска политика и инволвирање во Балканскиот регион.

Рускиот енергетски продор на исток, ја обележува најновата етапа од руската енергетска дипломатија. Јакнењето на руско-кинеското партнерство претставува сериозна закана на американските интереси во азиско-пацифичкиот регион. Кинескиот пазар, како и пазарите на Индија и далечниот исток се доста интересни поради нивната голема апсорбциона моќ. Кина е втора најголема светска економија, најбројна нација и голем потрошувач на нафта и природен гас. Ваквите релации меѓу најголемиот произведувач на нафта и еден од најголемите потрошувачи е можеби почеток на сериозно партнерство кое може да доведе до сериозни геополитички поместувања. На тој начин се менува стратегиската слика на евроазискиот континент. За првпат руските енергетски ресурси се продаваат на исток.

### *Литература*

Avijucki, V. (2009) *Kontinentalne geopolitike.* Beograd: CLIO.

Aslund, A. (2010) *Ruska kapitalistička revolucija: zašto su tržišne reforme uspjele, a demokracija propala.* Zagreb: Biblioteka Poslovnog dnevnika.

Blyakha, B. (2009) *Russian foreign direct investment in Ukraine.* Electronic Publications of Pan-European Institute No. 7.

Bahgat, G. *Europe's Energy Security: Challenges and opportunities.* International Affairs 82: 5, 2006;

Дугин, А. (2004) Основи геополитике 1. Геополитчка будућност Русије. Зрењанин: Екопрес.

Дугин, А. (2004) Основи геополитике 2. Просторно мислити. Зрењанин: Екопрес.

Headley, J. (2009) *Russia and the Balkans: Foreign Policy from Yeltsin to Putin,* London. http://cup.columbia.edu/bookpreview/978-0-231-70092-4/

Molis, A. (2011) *Rethinking EU-Russia energy relations: What do the Baltic States want?.* SPES Policy Papers. Institut für Europäische Politik.

Rowe W. E., (ed.). (2009). *Russia and North Pole.* Ottawa: University of Ottawa Press.

Smith A. M. (2008) *Russian Energy Interests in the Balkans*, Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, march;

Whist, B. S. (2008) *Nord Stream: Not Just a Pipeline.* FNI Report 15/2008Lysaker: Fridtjof Nansen Institute, Prague EU Summit declaration, May 2009;

The Summary of The Energy Strategy of Russia For The Period Of Up To 2020;

The Nabucco Gas Pipeline: A chance for the EU to push for change in Turkmenistan, Quaker Council for European Affairs (QCEA), December, 2009;

BP Statistical Review of World Energy, June 2010;

Gas pipelines and Regional challenges*: Assessment of the Macedonian role in the SEE natural gas market.* Analytica, July 2008.

*Toni MILESKI*

# RUSSIAN ENERGY STRATEGY FOR 21 CENTURY

***Abstract***

*This paper deals with post-Soviet geopolitical space and the positions of Russia in terms of the distribution of primary energy in the various markets in post-Soviet republics, Southeast Europe and China. These opportunities positioned Russia as a major player on the market for natural gas and oil. It is quite evident that the early 21st century Russia is pursuing a pragmatic policy towards the world dominated by economic diplomacy. The economic recovery of Russia and rising living standards in recent years obviously show on the surface. Such successes are mostly due to the energy sector. To quickly fill the state budget Russia imposed high prices of natural fuels, which exports in large quantities. These indicators show that Russia is slowly but surely returning to the geopolitical scene and is again equal partner of the United States.*

*In the region of post-Soviet republics, Russia using energy as a political tool. In South-eastern Europe, Russia strives to become the dominant distributor of energy, while in China and the Far East opens new energy markets that would ensure reliable classification given their high absorption power.*

***Key words**: GEOPOLITICS, RUSSIA, ENERGY, ENERGY SE-CURITY, ENERGY DIPLOMACY*